ЛИКОВЕН САЛОН НА МАНУ, 02 - 22, ОКТОМВРИ 2002



# ГЛИГОР ЧЕМЕРСКИ

утрински Весник

# Повелете на големата изложба на Глигор Чемерски

• Ликовен салон на Македонската академија на науките и уметностите
• 2 октомври (среда) во 19 часот
• На изложбата ќе бидат презентирани 60 масла на платно и 5 големи платна во техника акрилик
• Изложбата ќе биде отворена до 22 октомври

## Триптихот „Македонија" најголема слика насликана во Македонија

Триптихот „Македонија", чиј автор е Глигор Чемерски, го прават три ликовни плана:

- „***Денот на победата***" е централната тема што го зафаќа најголемиот дел од огромното платно. Тоа е маестрален танц што многумина го толкуваат како уште една верзија на вековното македонско оро "Тешкото".
- „***Столб на страдањето***" (лево);
- „***Столб на отпорот***" (десно).

Триптихот "Македонија" е насликан во 1976 година. Изложен е следната 1977 година во Музејот на современата уметност во Скопје. Оттогаш, завиткан во ролна и заштитен, депониран е во Музејот на современата уметност. По дваесет и пет години тој ѝ се враќа на светлината на денот, пред својата и наша виделина.

Триптихот "Македонија" е насликан на платно, со димензии 6,00 x 12,30 метри, (техника акрилик). Со своите вкупни 75 м2, тој е најголема слика насликана во многувековната историја на македонското сликарство.

## Чемерски

*биографија*

***Глигор Чемерски*** *е роден во 1940 година во Кавадарци, Република Македонија. Се образувал во Скопје, Белград и во Париз: Академија за ликовна уметност и постдипломски студии завршил во Белград во 1965 година, а како стипендист на француската влада во 1969-1970 година престојува во Париз. Оттогаш често престојува и работи во Париз. Последните години е еден од постојаните сликари на Galerie du Fleuve во Париз.*



*Глигор Чемерски е сликар, графичар, мозаичар. Од 1959 година до крајот на шеесеттите години интензивно се занимава и со ликовна есеистика како еден од застапниците на уметничката слобода и интелектуалната победа на повоената модерна. Антологиски есеј му е "Жива Византија", 1977 година.*

*Други студиски престои: Египет, Грција, Италија, Шведска, САД.*

*Од 1962 година, кога првпат самостојно изложува во Скопје, следуваат триесетина индивидуални изложби во Охрид, Струмица, Кавадарци, Белград, Загреб, Будва, Александрија, Париз, Хаг, Вашингтон, Вилмингтон, Феетвил, итн. Македонското и југословенското сликарство во периодот до 1991 година ги претставувал во Белград, Загреб, Сараево, Љубљана, Дубровник, Пореч, Париз, Рим, Александрија, Истанбул, Софија, Прага, Грац, Букурешт, Москва, Мадрид, Копенхаген, Мексико Сити, Њујорк, Хаг, Даблин, Белфаст, Глазгов...*

*Остварил повеќе монументални дела во Скопје, Вруток, Кавадарци и во Кочани. Споменикот на слободата во Кочани вклучува мозаични фризови од 320 м2.*

*За своето сликарско творештво добил голем број најзначајни признанија и награди од кои последната е Гран при на третиот „Зимски салон" во Скопје, 1994 година.*